**МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД**

СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА "СКОПЈЕ" - СКОПЈЕ

*ЦЕНТАР ЗА СУДСКА ПСИХИЈАТРИЈА*

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПСИХИЈАТРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЗБОРНИК НА РЕЗИМЕА

## ПРВ МАКЕДОНСКИ СИМПОЗИУМ ПО СУДСКА ПСИХИЈАТРИЈА

*Охрид, 12-14 Јуни 1997*



| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мак мед преглед | 51:(Суплемент 27) | Стр. 1-40 | Скопје | 1997 |

## 80 ЗА ИСКУСТВОТО НА ВЕШТАКОТ

*Асс. д-р Попоска В.;*
*проф. д-р Бошковски К.;*
*проф. д-р Дума А.;*
*асс д-р Јанеска Б.; асс. д-р Чакар З;*
*асс. д-р Гутевска А.;*
*асс. д-р Белокаповски М.*
Институт за судска медицина и криминалистика
Медицински факултет-Скопје

Во судско медицинската работа е најважно вештакот да има искуство. Како се стекнува искуството? Само со работа на судско медицинската проблематика, т.е. на проблематиката со која се занимава вештакот, никако поинаку. Не потценувајќи го она што го пишува во литературата, книгите и трудовите од научните дисциплини, практиката во вештачењето има свое посебно значење во разработувањето на случајот и во донесувањето на дециден заклучок во контекст на проблемот на вештачење. Не се секогаш пресудни научната и стручната титула или квалификациите кои ги поседува стручно лице, туку најчесто е пресуден начинот на кој размислува тоа стручно лице во процесот на судската практика и искуството кое го поседува во однос на начинот на водењето на таа постапка и доктрина која е потребна за да се дојде до соодветното вештачење.

Клучни зборови: expertus

## 81 ПОЧИНИТЕЛИ НА ХОМИЦИД-ЦРТИ НА ЛИЧНОСТА, МОТИВ И ПРЕСМЕТЛИВОСТ

*Асс. д-р Филовска В.;*
*асс. д-р Јаковчевска-Кујунџиска М.*
Психијатриска болница "Скопје" - Скопје

Авторите на трудот анализираат 94 судско-психијатриски вештачења, кои се однесуваат на починители на хомицид, вештачени при Психијатриската Болница "Скопје" во периодот од 1991 до 1995 година.

Покрај општите аспекти на хомицидот, разгледани се посебно главните црти на личноста. Починителите се групирани во неколку групи во зависност од психолошката процена на личноста добиена со психолошкото тестирање.

Мотивацијата е ценета по однос на присуство или отсуство на психолошки мотив.

Типовите на личност и мотивацијата на починителите на хомицидот, се корелирани со пресметливоста. Најголем процент од анализираните случаи припаѓаат на групата невротски и условно кажано "нормално"-структурни личности. Според анализата на заклучоците на вештачењата при вршење на делото околу 55% од починителите се наоѓале во пресметлива состојба, а останатите биле во непресметлива или во состојба на битно намалена пресметливост.

## 82 АЛКОХОЛИЗМОТ КАКО ПРЕДМЕТ НА СУДСКО- ПСИХИЈАТРИСКИ ВЕШТАЧЕЊА

*Д-р Талевска В.; д-р Филов И.*
Болница за душевни болести
Демир Хисар

Алкохолизмот отсекогаш претставувал проблем за секое општество на социјален и економски план, така и на планот на изменето и неправилно однесување на алкохоличарите.

Социопатите, асоцијалното и антисоцијалното однесување како последица на алкохолизмот, особено кривичното дело извршено од алкохоличарот, било кога е во состојба на акутна интоксикација или кога постапката е адекватна на алкохолизираната особа која може да е малку, осредни или тешко психички депривирана, душевно опустошена на ниво на дементен болен, како и степен на пресметливост, се тема на овој извадок. преку три случаи на судско психијатриски вештачења направени во периодот 1990 - 1996 г. во психијатриската болница Демир Хисар.

Се наведува и потребата за хоспитален третман во специјализирана установа за да би се дефинирала самата зависност во стадиум пред манифестацијата на изеверзибилни последици.

## 83 ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ НА ДУШЕВНИТЕ БОЛНИ ОД ФОРЕНЗИЧНАТА ПОПУЛАЦИЈА

*Проф. д-р Кировски П.*
Психијатриска болница "Скопје" - Скопје

Светската психијатриска асоцијација 1977 година, ја усвои Хавајската декларација, чии што етички ставови и принципи како и смерниците, јасно упатуваат на основните начела на Хипократовата заклетва, прилагодени на специфичноста во заштитата на менталното здравје, душевните заболувања и правата на